**Врз основа на член 31 од Статутот, Сојузот за младинска работа (СМР) распишува**

# ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТИ

Сојуз за младинска работа (СМР) ги повикува сите заинтересирани лица, запознаени со младинската работа, процесите во земјата поврзани со младинската работа и работата на СМР да се пријават за позицијата Координатор на проекти на СМР.

**Главни задачи на позицијата Координатор на проекти:**

- Координира проекти на Сојуз за младинска работа;
- Спроведува проектни активности и подготвува проектни документи (повици, договори итн.);
- Подготвува извештаи и дополнителна документација за спроведените активности;
- Обезбедува логистичка поддршка при имплементација на активности во рамки на проектите на СМР;
- Учествува во пишување на нови проектни апликации на СМР;
- Учествува во спроведување на процесите што ги води СМР со цел признавање, препознавање, стандардизирање и професионализација на младинската работа;
- Се координира со Генералниот секретар и другите членови на Секретаријатот на СМР за прашања во врска со реализација на програмата и други прашања од областа на тековното работење на СМР;
- Врши други работи во согласност со Статутот на СМР и насоките од Генералниот секретар.

За својата работа, Координаторот на проекти е одговорен пред Генералниот секретар на СМР.

**Потребни знаења и вештини на кандидатот:**

Квалификации:

- Високо образование, завршено или во тек
- Минимум 2 години искуство во полето на младинската работа

Лични карактеристики и вештини:

- Искуство со пишување на проектни апликации
- Искуство со спроведување на проекти
- Комуникациски вештини
- Активно познавање на англиски јазик

**Услови за работа:**

Позицијата е со полно работно време (40 часа неделно), со флексибилно работно време, повремена работа за викенди и вклучува патување. Согласно условите, Координаторот на проекти работи од дома или од канцеларија на една организациите членки на СМР.

Почетна нето на плата на Координаторот на проекти изнесува 30,000 денари.

Периодот на ангажман на Координаторот на проекти е 6 месеци, со можност за продолжување.

**Рок и начин на пријавување:**

- Кратка биографија на кандидатот;
- Мотивациско писмо на кандидатот.

Пријавите треба да се испратат на електронската адреса на СМР: smr.sojuz@gmail.com, најдоцна до 21 декември, 23:59 часот со назнака: Пријава за Координатор на проекти. Интервјуа ќе бидат спроведени во периодот од 25ти до 28ми декември, а избраното лице ќе започне со работа во текот на јануари 2024. СМР го задржува правото да не избере никој од пријавените кандидати.

За сите прашања во врска со овој повик обратете се на smr.sojuz@gmail.com.